This project is funded by the European Union

Референтен број: 0507-249

**Предмет:**

Барање за доставување на понуди за ангажирање на 3 (тројца) експерти/обучувачи и 1 (еден) ИТ експерт за следните активности:

- Изработка на програма за јакнење на сите релевантни чинители за борба против дискриминацијата и промовирање на еднаквоста преку собирање податоци и развивање политики засновани на докази .
- Спроведување на обука за обучувачи чија содржина ќе опфати сесии за модел на собирање податоци, систем и методологија и алатки и методи за учење на возрасни.
- Спроведување на 6 (шест) каскадни тренинзи за собирање податоци за мерење на дискриминација.
- Спроведување на 1 (еден) модул за е-учење за собирање податоци за мерење на дискриминација за државната администрација и другите засегнати страни пилотиран преку 1 (една) обука за модул за е-учење со група од 50 државни службеници;

Барањето е во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката". Проектот е финансиран од Европската Унија, преку програмата за грантови „Поддршка на граѓанското општество", во рамки на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) 2021.

***Почитувани,***

Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ), Ве поканува да доставите понуда за испорака на услуги за изработка програма за јакнење на капацитети на сите релевантни чинители за борба против дискриминацијата и промовирање на еднаквоста преку собирање податоци и развивање политики засновани на докази, во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката".

1. Понудата доставена од **физички лица** треба да ги содржи следниве информации:

   - Прилог 1. Кратка биографија (Прилог 1);
   - Прилог 2. Предлог методологија на работа (Прилог 2);
   - Прилог 3. Изјава за ексклузивност и достапност (Прилог 3);
   - Прилог 4. Образец за финансиска понуда (Прилог 4);

Association for Democratic Initiatives

HOPS HEALTHY OPTIONS PROJECT SKOPJE

This project is funded by the European Union

**Дополнителни прилози:** Најмалку два труда/анализи од слични работни ангажмани на експертите.

2. Понудата доставена од **правни лица** треба да ги содржи следниве информации:

- Тековна состојба на добавувачот не постара од 6 месеци;
- Кратка биографија на предложените експерти (Прилог 1);
- Предлог методологија на работа (Прилог 2);
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (Прилог 3);
- Финансиска понуда (Прилог 4);
- Преглед на реализирани услуги (Прилог 5);
- Листа на предложени експерти (Прилог 6);
- Потпишана изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач (Прилог 7);

**Дополнителни прилози:** Најмалку два труда/анализи од слични работни ангажмани на предложените експерти или правното лице.

**Забелешка:* Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оргиналот".

Понудата се доставува во затворен коверт до архивата на Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ (бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар). На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За тендер Реф. Бр. 0507-249" позицијата за која аплицирате, експерт, и текстот "Да не се отвора пред сесијата за евалуација". Документите во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице.

Во случај на доставување на понудата по електронски пат, целокупната скенирана докуменација се доставува на следната е-пошта: sunchica@adi.org.mk

Краен рок на доставување на понудите е 14 дена од објавување на повикот, но не подоцна од **28.05.2024, 16:00 часот.**

Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.